# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА УСЛУГИТЕ

*MACEDONIA*

Овие Услови треба да се читаат заедно со нарачката („**Нарачка за набавка**“ или „НН“) помеѓу Новартис како друштво кое е договорна страна на Нарачката (во натамошниот текст „**Новартис** “) и добавувачот како другата договорна страна на Нарачка за набавка (во натамошниот текст „**Добавувач**“) и освен ако не се заменети со посебен договор склучен меѓу Договорните страни, ќе го регулираат односот помеѓу договорните страни, целосно исклучувајќи ги условите на Добавувачот. Новартис и Добавувачот, секој поединечно, се бидат нарекувани Договорна страна, а заедно Договорни страни.

## Дефиниции

„**Подружница**“ е секој деловен субјект кој контролира, е контролиран од или е под заедничка контрола на Новартис. За целите на овој договор, ќе се смета дека деловниот субјект „**контролира**“ друг субјект доколку (а) поседува, директно или индиректно, овластување да го насочува управувањето или политиките на деловниот субјект, без разлика дали преку сопственост на хартии од вредност со право на глас или преку договор кој се однесува на правата на глас или корпоративното управување или (b) поседува, директно или индиректно, повеќе од педесет проценти (50%) од запишаните хартии од вредност со право на глас или други сопственички интереси на таквиот деловен субјект или (c) во случај на партнерство, контрола на генералниот партнер.

„**Договор**“ значат овие Општи услови за услуги, Нарачката за купување, сите прилози кон Нарачката за купување.

„**Загуби**“ значат сите загуби, обврски, побарувања, барања, причини за тужба, пресуди, штети, парични казни, тужби, трошоци, издатоци, вклучувајќи камати, казни, разумни професионални давачки и разумни адвокатски надоместоци за адвокати/застапници, заедно со исплати за истите.

„**Производи**“се сите предмети, стоки, материјали и сите други продукти (вклучувајќи без ограничување, компјутерски софтвер), податоци, како што е наведено во Нарачката, кои се испорачуваат, доставуваат или на друг начин се ставаат на располагање или што треба да се набават, испорачуваат или стават на располагање, на Новартис од страна на Добавувачот.

„**Нарачка за набавка**“ значи писмена потврда од Новартис за понуда или предлог испратен од Добавувачот.

„**Услуги**“ се сите услуги како што е наведено во Нарачката за купување или деталната Изјава за работа (доколку е применлива), кои се нудат, обезбедуваат или треба да се обезбедат за Новартис.

„**Изјава за работа или ИР** “ е детална изјава за работа, налог за работа или налог за спроведување задачи кој вклучува преглед на сите надоместоци и трошоци кои се применуваат за услугите и производите што кои нудат и релевантна динамика за плаќање. ИР ќе биде дел од посебен договор склучен меѓу Договорните страни.

## Именување

Добавувачот ќе ги изврши оние Услуги кои повремено ќе му бидат доделени на Добавувачотод Новартис, како што е наведено во НН . Услугите ќе се вршат во време и локации меѓусебно договорени меѓу Договорните страни на овој Договор.

## Плаќање И Фактурирање

За услугите извршени во согласност со овој Договор, Добавувачот ќе му достави на Новартис детална фактура за надоместокот кој се плаќа согласно НН. Секој задолжителен данок на додадена вредност се прикажува посебно. Добавувачот треба да води сметка целото фактурирање да се одвива на брз и навремен начин како што е договорено помеѓу Договорните страни. Новартис ќе ги плати сите неспорни фактури во рокот за плаќање договорен во писмена форма.

Плаќањето ќе се изврши по приемот на фактурата од страна на Новартис во согласност со Договорот или нарачката за набавка. По извршувањето на Услугите, фактурата може

да се испрати или во хартиена форма до седиштето на компанијата наведено подолу или по е-маил на: mk.nphs@novartis.com, наведувајќи „Новартис Македонија – Реф: ПО бр. 41xxxxxxxx“ во полето на предметот на пораката. На фактурата треба да биде наведен точниот субјект, како што е прикажано подолу:

**Novartis Pharma Services Inc**
**Претставништво Македонија**
Партизански Одреди бр. 115А, в12./14
1000 Скопје, Македонија

Секоја фактура мора да биде придружена со сите оригинални сметки за трошоци или друг доказ за плаќањата за кои се бара рефундирање. Доколку фактурата не исполнува некој од наведените услови, Новартис ќе ја врати фактурата до давателот на услугата и нема да пристапи кон плаќање. Фактурата ќе биде вратена во случај на следните случаи:

- Сликата од фактурата не е јасна
- Адресата на фактурата е нецелосна/неточна
- Не е наведена адресата на давателот на услуги
- Банкарските податоци на давателот на услуги не се наведени (доколку е применливо)
- Датумот на фактурата не е наведен
- Износот на фактурата\вкупниот износ не е наведен
- Поштенскиот број не е наведен/Наведен е погрешен поштенски број
- Фактурата не е валидна (профактура/извод/документи кои не се сметаат како за или книжно одобрение)
- Лицето за контакт на Новартис или друго лице назначено од Новартис не е наведено во фактурата
- Валутата на НН не е иста со валутата на фактурата
- Фактурата не ја содржи валутата
- Фактурата не е во согласност со условите за даночна регулатива (на пр. ДДВ бројот на давателот на услуги, стапката на ДДВ, износот на ДДВ итн., нето износ, бруто износ итн.)
- Во фактурата не е даден детален опис и преглед на услугите и датумите на завршување на услугите

Сите надоместоци и трошоци ќе бидат прикажани без данок на додадена вредност, но ќе ги вклучуваат сите други трошоци, како на пример, административни трошоци. Зголемувањето на надоместоците и трошоците може се случи само доколку двете Договорни страни меѓусебно се договорат за тоа, во писмена форма. Ниту една понуда или предлог нема да се смета за прифатен од Новартис се додека не биде придружен со официјална и уредно потпишана Нарачка за набавка на Новартис која содржи официјален број на нарачка на Новартис, освен во случаи кога се бараат дополнителни или варијантни услуги и таквите услуги се однесуваат на официјална и потпишана Нарачка за набавка на Новартис.

Никакви директни трошоци кои ги направил Добавувачот или вработените на Добавувачот при извршување на Услугите нема да бидат надоместени од страна на Новартис, освен ако тоа не е конкретно договорено. Онаму каде што е договорено надоместување, таквите директни трошоци мора да бидат разумни и валидно направени од вработените на Добавувачот при извршувањето на Услугите и да бидат поткрепени со сметки или други докази за вистинското плаќање. Новартис во никој случај нема да биде обврзан да ги надомести трошоците кои над лимитите кои се конкретно договорени. Сите тие трошоци ќе му бидат исплатени на Добавувачот и истите да бидат детално наведени на фактурата наведена во точка Плаќање И Фактурирање, погоре.

## Извршување на услугите

Добавувачот ќе ги обезбеди Услугите во согласност со стандардите за грижа и вештините кои разумно се очекуваат од експерти во областа на давање услуги од општа природа на Услугите.

Добавувачот се согласува бесплатно да ги коригира сите грешки во работите изведени од Добавувачот кои не се должат на грешка, чин или пропуст на Новартис и кои му стануваат очигледни на Добавувачот или за кои Новартис писмено ќе го извести Добавувачот.

Во согласност со договор со Новартис, Добавувачот НЕ смее да ги дава Услугите на под-изведувачи.

Добавувачот ќе ги врши услугите на оние локации навеени во НН, освен ако не е поинаку побарано од Новартис.

Добавувачот ќе се погрижи целиот персонал кој ги врши услугите („**Персонал**“) да ги поседува потребните квалификации, знаења и искуства. Доколку Новартис разумно смета и верува дека Персоналот не е соодветен за извршување на Услугите, Добавувачот ќе го замени тој персонал со соодветен персонал на барање на Новартис и во разумен рок.

Добавувачот ќе ги преземе сите разумни чекори за да ги исполни сите барања од Новартис за измена или запирање на одредени планови или за одбивање или откажување на некои работи во процесот на подготовка, доколку тоа е можно во рамките на договорните обврски на Добавувачот кон неговите добавувачи. Новартис ќе биде одговорен за сите трошоци кои Добавувачот правилно ги сносел, во согласност со условите и во соодветно време како што се барало, пред или поради откажувањето или измената и кои Добавувачот не може разумно да си ги поврати. За да нема недоразбирања, Добавувачот е должен да ги ублажува своите загуби и Новартис нема да биде обврзан да плати ниту еден дел од надоместокот во однос на периодот по откажувањето или измената.

Новартис има право да одбие стоки кои имаат очигледни дефекти во рок од 30 дена од приемот на договорената локација и стоки со скриени дефекти во рок од 30 дена од нивното откривање. Исто така, Добавувачот ќе ги сноси сите трошоци кои произлегуваат од лошиот квалитет на испорачаната стока (вклучувајќи, но не ограничувајќи се на враќање, отстранување, транспорт на нови стоки, препакување итн.).

## Обесштетување и осигурување

Освен сите правни лекови достапни на Договорните страни, секоја Договорна страна има обврска ќе ја брани, обештети и заштити другата Договорна страна, нејзините филијали и нејзините службеници, директори, партнери, акционери, вработени и застапници од и против сите загуби настанати кон доколку истите произлегуваат од или во врска со: (а) секоја повреда на некоја од обврските од овој Договор од страна на другата Договорна страна, и (b) спроведување на правата на едната Договорна страна според овој член 5, освен доколку таквите загуби настануваат како резултат на небрежност, измама, намерно недолично однесување или погрешно постапување на обештетената страна, нејзините филијали или нејзините службеници, директори, партнери, акционери, вработени или застапници.

Во текот на целото времетраење на овој Договор, Добавувачот ќе одржува на сила осигурување за сите видови и износи кои се вообичаени за даватели на услуги како што се Услугите на полето на работење на Добавувачот, а таквото осигурување треба да е обезбедено од осигурителна компанија со добро реноме.

## Доверливост

Во текот на целото времетраење на овој Договор, како и 10 години после тоа,

Добавувачот ќе ги чува во доверливост сите трговски и технички инфразвуци кои се однесуваат на постоечките или планираните производи, активности, истражувања и/или развојни активности, клиенти и добавувачи на Новартис и/или некоја негова подружница или поврзано друштво на Новартис и сите други информации во врска со Новартис и/или некоја негова подружница или поврзано друштво на Новартис и/или во врска со некоја активност или финансиска работа на Новартис или некоја негова подружница или поврзано друштво, кои Добавувачот ги стекнал или до кои може да има пристап за време или врз основа на оваа консултантска активност („**Доверливи информации**"). Добавувачот ќе ги користи Доверливите информации користи добавувачот со единствена цел за обезбедување на услугите во ниту еден момент нема да ги открива во текот на времетраењето на овој Договор или потоа, на трети лица без претходна писмена согласност од Новартис. Сите доверливи информации секогаш ќе останат во сопственост на Новартис.

Сите доверливи информации и сите други информации во секаква форма или медиум доставени од Новартис до Добавувачот ќе му бидат испорачани на Новартис, на негово барање, во секое време, додека овој Договор останува во сила или после тоа.

Новартис потврдува дека, како дел од неговите деловни активности, Добавувачот може да сака да обезбеди, набави или спроведе или да се погрижи за извршување за некое трето лице, на некакви услуги кои се однесуваат на развој, производство, маркетинг, промоција или продажба на некој производ кој е или ист или сличен, конкурентен или ја врши истата функционалност на ист начин или во иста терапевтска област како некој од производите или дел од производите на кои се однесуваат услугите („**Конфликтни услуги**"). Добавувачот ќе го извести Новартис пред да се согласи да врши некакви Конфликтни услуги, а Новартис нема неразумно да ја одбие својата согласност под услов Добавувачот да покаже дека има соодветни капацитети и деловни процеси и процедури со цел целосно да ги заштити доверливите информации на Новартис кога работи на такви Конфликтни услуги.

## Интелектуална сопственост (ИС)

Сите проекти, идеи, откритија, пронајдоци и информации кои имаат можна примена во некоја од дејностите на Новартис или некоја негова подружница или поврзано друштво, кои се создадени, развиени, откриени, измислени, произведени или настанати во текот или како резултат на обезбедувањето на Услугите од страна на Добавувачот ќе му бидат откриени на Новартис и ќе бидат во целосна и апсолутна сопственост на Новартис, со кои ќе се постапува како што Новартис смета дека е соодветно. Сите такви проекти, идеи, откритија, пронајдоци и информации ќе бидат дел од Доверливите информации. Во случај Новартис да одлучи, по своја дискреција, да побара патент, авторско право или друга заштита (без разлика дали во Обединетото Кралство или на друго место) во врска со некој од тие пронајдоци, добавувачот целосно ќе соработува со Новартис во поднесувањето на сите потребни барања за да се добие или одржува некој патент, авторско право или друга заштита на која подлежи Новартис и ги сноси сите потребни трошоци и издатоци во врска со тоа.

Добавувачот ќе ги почитува сите авторски права на писмените материјали, вклучително и компјутерскиот софтвер, кои му припаѓаат на Новартис или на трети лица и Добавувачот нема да прави неовластени копии на такви материјали или софтвер.

Добавувачот ќе го обештети Новартис за секое побарување за повреда на патенти, регистрирани дизајни, трговски марки или авторски права кои произлегуваат од користењето на услугите обезбедени од добавувачот од страна на Новартис и за сите трошоци и штети кои Новартис може да ги има во во постапки за таквите повреди или за кој Новартис може да стане одговорен во некоја таква постапка.

Секоја Договорна страна потврдува дека другата Договорна страна поседува одредени пронајдоци, процеси, know-how, трговски тајни и друга ИС кои се независно развиени од секоја Договорна страна и кои се однесуваат на работењето или трансакциите на таквата Договорна страна. Потврдено е дека интелектуалната сопственост во

сопственост на секоја од Договорните страни на датумот на овој Договор ќе остане ексклузивна сопственост на страната сопственик. Добавувачот им доделува на Новартис и неговите филијали и нивните добавувачи, вработени, изведувачи, застапници и советници неексклузивна, без авторски права, постојана светска лиценца за користење на претходно постоечка интелектуална сопственост на Добавувачот што е неопходно за користење на Услугите или се што произлегува од тоа за деловни цели на Новартис или неговите подружници.

## Односи меѓу Договорните страни

Односот на Договорните страни според овој Договор е однос на независни изведувачи. Добавувачот нема да изврши никакво купување или преземање на одговорност во име на Новартис, ниту на кој било начин ќе го обврзе Новартис, ниту пак ќе постапува за да предизвика добавувачот да биде сметан од трети лица за застапник на Новартис, освен со конкретно претходно писмено овластување на Новартис.

## Раскинување

Овој Договор ќе продолжи до завршување на Услугите, но истиот може да биде предмет на претходно раскинување како што е наведено во оваа точка. Новартис може во секое време да му даде на добавувачот писмено известување со отказен рок од 30 дена за раскинување на овој Договор во кој случај Добавувачот ќе ги преземе сите разумни чекори за да измени или стопира сите планови или да откаже од работите кои се во процес на подготовка, доколку тоа е можно во рамките на договорните обврски на Добавувачот кон неговите добавувачи. Новартис ќе биде одговорен за сите трошоци кои правилно ги сносел Добавувачот во согласност со договорените временски рокови за обезбедување на Услугите, пред или како резултат на откажувањето или измената и кои разумно не можеле да бидат запрени. За да се избегнат несогласувања, Добавувачот ќе биде обврзан да ги ублажи своите загуби во секое време и Новартис нема да биде обврзан да плати ниту еден дел од надоместокот по откажувањето или измената.

Новартис може веднаш да го раскине овој Договор со писмено известување доколку Добавувачот:

- изврши некаква повреда на некој услов од овој Договор или на некоја од политиките, правилата и прописите наведени овде, вклучително, но не ограничувајќи се на Кодексот за трети лица на Новартис; или
- е виновен, преку своите службеници, вработени или застапници, за некакво недолично однесување и/или друго однесување кое се смета дека е штетно за интересите на Новартис или за ефикасното извршување на Услугите;
- ги занемари, не ги изврши, одбие да ги изврши или не е способен да ги изврши Услугитесогласно овој Договор според стандардите кои ги бара Новартис; или
- стане несолвентен или склучи договор со своите доверители или назначи стечаен управник или администратор или започне постапка за ликвидација (освен за целите на припојување или реконструкција).

По раскинувањето на овој Договор,Добавувачот веднаш ќе му ги достави на Новартис сите копии и други примероци од доверливите информации и сите други преписки, документи, спецификации и други средства кои му припаѓаат на Новартис а кои биле во посед на Добавувачот.

## Заштита на податоци

Кога добавувачот обработува лични податоци во име на Новартис за целите на овој Договор, истиот ќе биде обработувач на податоци. Добавувачот му гарантира на Новартис дека:

- Ќе ги обработува лични податоци само во име на Новартис за целите на

извршување на овој Договор или во согласност со упатствата кои повремено ги добива од Новартис;

- Нема да именува под-обработувачи на податоци без претходна писмена согласност од Новартис и во секој случај само доколку таквите под-обработувачи се именувани со исти услови кои обезбедуваат еднакви права на Новартис во однос на заштитата на податоци пропишана со овој Договор;
- Ќе преземе соодветни технички и организациски мерки против неовластена или незаконска обработка на личните податоци и против случајно губење или уништување, или оштетување на личните податоци, вклучувајќи без ограничување, безбедносни одредби за кои Добавувачот е советуван од Новартис:
- Ќе води сметка дека оние вработени кои имаат пристап до личните податоци при обезбедувањето на Услугите поминале низ разумни нивоа на обука за заштита на податоци;
- Нема да открива никакви лични податоци на трети лица без претходна писмена согласност од Новартис, и;
- Нема да обработува лични податоци надвор од Република Северна Македонија без претходна писмена согласност од Новартис и потоа да подлежи на какви било дополнителни разумни ограничувања од Новартис.

Добавувачот се согласува и ќе води сметка дека секој обработувач на податоци ќе се согласи, дека Новартис или неговите застапници, можат во секое време, по давање разумно известување,  да побараат право на пристап и ревизија со цел да се оцени усогласеноста на добавувачот или под-обработувачот на податоци со точка Заштита на податоци.

Во случај на неовластен или случаен пристап до или употреба или откривање на некакви лични податоци за кои Новартис е контролор на податоци, или доколку Добавувачот разумно верува дека се случил таков пристап, употреба или откривање, Добавувачот (1) веднаш ќе го извести Новартис и ќе обезбеди разумни детали за влијанието на таквиот пристап, користење и откривање врз Новартис, како и корективните мерки преземени или кои треба да се преземат и (2) ќе ги преземе сите активности пропишани со важечкиот закон во врска со таков пристап, употреба или откривање.

Добавувачот ќе го обештети Новартис за сите парични казни, загуби или штети кои Новартис може да ги претрпи како резултат на некаква повреда на одредбите од оваа точка Заштита на податоци од страна на Добавувачот.

Сопственоста на личните податоци наведени во оваа точка Заштита на податоци, како и на основните права на интелектуална сопственост за таквите податоци, ќе остане кај Новартис  и/или неговите даватели на лиценца.

## Известувања

Секое известување кое треба да се даде согласно овој Договор до некоја од Договорните страни, треба да биде во писмена форма и доставено со испраќање на истото преку препорачана пошта или брза пошта на адресата на другата страна наведена во овој Договор или на друга адреса за која  повремено се добило известување во согласност со оваа точка.

Секое известување дадено во согласност со точка Известувања кое не му е вратено на испраќачот како недоставено ќе се смета дека е доставено на вториот ден по датумот кој е прикажан на пликот.

## Важечки закон и решавање на спорови

Овој договор ќе се уредува и се толкува во согласност со законите на Република Северна Македонија. Секој спор кој ќе произлезе во врска со овој Договор, вклучувајќи ја неговата важност, толкување и извршување, кој Договорните страни не можат спогодбено да го решат во рок од 30 работни дена, веднаш ќе биде упатен до именуваниот извршен директор кој има соодветно овластување да ја обврзе релевантната Договорна страна („Именувани претставници“), кој ќе се обиде да го реши спорот во период од пет (5) работни дена од истекот на рокот од 30 дена (или подолг период како што може писмено да се договори помеѓу Договорните страни). Во случај именуваните претставници да не можат да го решат спорот во рок од 5 работни дена (или подолг договорен период), секоја од страните ќе има право да го упати спорот во ексклузивна јуриздикција на надлежните судови на Република Северна Македонија.

## Измени или варијации

Секоја измена или дополнување на овој Договор мора да биде во писмена форма и потпишано од двете Договорни страни.

## Гаранции

Новартис ќе се потпира на вештината, стручноста и искуството на Добавувачот во обезбедувањето на Услугите, точноста на сите изјави и гаранции и совети дадени од Добавувачот во врска со обезбедувањето на Услугите.

Добавувачот тврди и гарантира дека:

- нема финансиски интерес во Новартис; нема блиски роднини или блиски пријатели со финансиски интерес во Новартис; нема никаква лична пристрасност или склоност која би влијаела на нивните одлуки во однос на Новартис и нема никаква лична обврска, верност или лојалност која на некој би влијаела на нивните одлуки во однос на Новартис.
- има обврска да даде дополнителна изјава со детали за секој конфликт, потенцијален конфликт или очигледен конфликт кој може да се појави за време на времетраењето на договорот. Се согласува да се воздржи од одлука кога ќе се појави таков конфликт
- има целосен капацитет и овластување да го склучи овој Договор и да дава Услуги според условите дадени овде;
- обезбедувањето и/или користењето на Услугите на никој начин нема да претставува повреда или друго прекршување на некакви права од интелектуална сопственост на трети лица;
- во сите земји каде се обезбедуваат Услугите, ќе се усогласи со сите важечки закони и соодветни прописи и на свој трошок, ќе ги обезбеди сите потребни лиценци, согласности и дозволи, потребни за обезбедување на Услугите.

## Употреба На Името

Добавувачот нема да го наведува или на друг начин да го користи името, обележјата, симболот, трговската марка, трговското име или логото на Новартис или некоја од неговите филијали, во никаква публикација, соопштение за печат, промотивен материјал или друга форма на јавен материјал без претходна писмена согласност од Новартис. Таква согласност се дава за секој настан поединечно.

## Пренос

Овој Договор и обврските кои произлегуваат од истиот може да се пренесуваат од Новартис кон филијана на Новартис.

## Валидност

Доколку некој од овие услови стане неважечки или на друг начин е неспроведлив поради некаква причина, нема да биде нарушена валидноста на преостанатите одредби и на одредбата за која станува збор до степен до кој не е ништовена или на друг начин неприменлива, и Договорните страни ќе да ги искористат своите најдобри напори за да ја заменат одредбата која е ништовна/неприменлива со одредба со сличен ефект.

## Управување со ризик од трети лица

Новартис очекува Добавувачот да се придржува до етичките деловни практики и да го почитува Кодексот за трети лица на Новартис и сите други важечки кодекси, политики и упатства на Новартис.

Со обезбедување на стоки/услуги/испораки во согласност со оваа Нарачка за набавка, Добавувачот се согласува дека:

- Ќе се усогласи со Кодексот за трети лица (и сите објавени ажурирања на истиот) кој може да се види и преземат од https://www.novartis.com/esg/reporting/codes-policies-and- guidelines (добавувачот може да побара бесплатен примерок од Лек);

- ќе му обезбеди на Новартис, неговите поврзани друштва и соодветните претставници, информации/документација на разумно барање, за да му овозможи на Новартис да ја потврди усогласеноста со Кодексот за трети лица во бараната форма;

- ќе вложи најдобрите напори за да ги исправи идентификуваните неусогласености со Кодексот за трети лица (онаму каде што може да се исправат) и да го пријави напредокот во таквото санирање до Новартис, неговите поврзани друштва и соодветните претставници, на нивно барање;

- ќе води сметка дека дека поврзаните друштва на добавувачот и/или подизведувачите/застапниците директно ангажирани во обезбедувањето стоки/услуги/испораки во согласност со оваа Нарачка, исто така, се обврзани да се усогласат со сите горенаведени услови; и

- онаму каде што побарал Новартис, целосно ќе соработува (на сопствен трошок на добавувачот) со Новартис и поврзаните друштва на Новартис, какои соодветните претставници при пополнување и враќање, како што е разумно наложено, на секој прашалник во врска со теми за усогласеност, вклучувајќи, без ограничување, усогласеност против мито, кои Добавувачот ги примил како дел од процесите за управување со ризик од трети лица на Новартис во било кое време и сите ажурирања на истите („Прашалник за трети лица“). Добавувачот гарантира и потврдува дека информациите дадени во секој Прашалник за трети лица (без разлика дали се дадени пред или по датумот на оваа Нарачка, вклучувајќи и ажурирања на истата) се точни и целосни (и таквите информации ќе се третираат како дел од договор помеѓу Новартис и добавувачот согласно оваа Нарачка за набавка). За да се избегнат недоразбирања, оваа потточка се однесува само на Добавувачот, а не неговите подизведуваи ангажиран од истиот во согласност со условите на оваа нарачка (вклучително и во согласност со одредбите од Кодексот за трети лица).

Седум работни дена по приемот на писменото барање од Новартис, добавувачот ќе им дозволи на соработниците на Новартис (или на ревизор – трето лице  именуван од Новартис) соодветен пристап до просториите на Добавувачот и до сите документи/записи во врска со оваа Нарачка, за преглед на нивната усогласеност за ревизија согласно горенаведените обврски.

Непридржувањето кон горенаведеното ќе му даде право на Новартис да го раскине договорот помеѓу Добавувачот и Новартис согласно оваа Нарачка за набавка и таквото раскинување ќе стапи на сила веднаш и без дополнителен надомест. Добавувачот потврдува дека ја прочитал и разбрал најновата верзија на Кодексот за трети лица Новартис.

## Политики

Добавувачот ќе се придржува до сите политики, процедури, регулативи и правила кои се објавени на јавната веб-страница на Новартис до која добавувачот може да има пристап додека ги обезбедува Услугите.

## Обврзувачки ефект

Овој Договор станува конечен и обврзувачки договор за Добавувачот при приемот на НН, освен ако Добавувачот не испрати писмено известување за одбивање на НН до Новартис во рок од 24 часа по приемот на НН. Сите измени или дополнувања направени на овој Договор нема да се сметаат за правосилни, освен ако не се изрично прифатени во писмена форма и потпишани од претставник на Новартис.

## Преовладувачка одредба

Секоја недоследност, нејаснотија или конфликт помеѓу: (1) понудата или предлогот на Добавувачот; или (2) Општите услови; или (3) Изјавата за работа; или (4) одделен договор, ќе се решава по следниот редослед на приоритет ((i) најголем приоритет): (i) одделниот договор; (ii) Изјавата за работа; (iii) Општите услови; и (iv) Понудата или предлогот на Добавувачот.

## Нарачка за набавка

Оваа Нарачка за набавка е дигитално одобрена согласно инструкциите за одобрение на Новартис, па затоа е валидна без потпис.